# Ние спасуваме живот - веќе 1,- евро помага!

Габриеле-фондација:

## За достоинството на животните и за нов животен простор

Животните и природата во нашето општество не уживаат никакво почитување. Тие се деградираа во фактори на производство, без достоинство, без права. Да им се врати на животните нивното достоинство, нивниот животен простор, тоа е целта на Габриеле-фондацијата - една цел којашто не останува некакво кротко прогласување намера, туку од ден во ден се спроведува во дело со разум, срце и со работата на своите раце.

Така, на еден мироѓубив предел земјиште во областа Шпесарт, во последниве години настанаа животни простори за најразлични видови животни кои живеат слободно. Се стекнуваа и се стекнуваат делови шуми, во кои животните можат непречени од човекот да се повлечат во заштитени зони. Се подигнуваат острови со дрвја и комплекси од живи огради, водени и камени биотопи, кои им нудат изворен животен преостор на безброј видови животни. Куќи со храна, сандаци за гнездење и поилишта со вода, коишто ја олажуваат неволјата на животните кои, заради поплави и едно хемиско земјоделство ориентирано кон профит, одвај можат уште да најдат вода и храна, како и храна без отрови.

Во последниве месеци на мироѓубивата земја нова татковина си најдоа и некои тревопасни животни: едно семејство праговеда со две весели теленца, едно мало стадо изворни крави, а и неколку овци, кои - сите заедно - можеа да бидат спасени од кланица. Тие веќе мошне добро се соживеаја и за прв пат запознаваат двоношци кои не мислат да им го одземат животот.

Активностите на Габриеле-фондацијата се надомес тување спрема природата и животните и го сочинуваат темелот за мироѓубивата иднина, во која човекот, природата и животните живеат во единство. Под водство на основателката Габриеле и со помошта на многу пријатели и потстрекнувачи на Габриеле-фондацијата се збиднува она што го најави Исаија пред илјадници години: "Јагнето ќе лежи покрај волкот, лавот покрај телето, а мало дете ќе ги чува."

Многу пријатели на Габриеле-фондацијата нè прашуваат кои проекти можат да поддржат. Еве неколку примери коишто покажуваат за кои цели се вложуваат даровите:






За повторно да им се создаде мироѓубив и слободен од отрови животен простор на срни, зајаци, лисици, птици и многу други шумски и ливадски жители, Габриеле-фондацијата се труди да стекне: парчиња шуми, ливади, а и полиња, со кои потоа се стопанисува во мироѓубиво одгледување брз хемија и без цврсто и течно шталско ѓубре.

Среде полињата се садат острови од дрвја - скапоцен животен простор за многубројни различни инсекти и мали животни, како ежови, верверички или полски полски глодари.

Природните потоци и локви беа жртвувани заради чистење на полјаните. Многу животни мораат да минуваат километарски делници за да дојдат до следното место со вода. Поради тоа, Габриеле-фондацијата подигнува водени биотопи. Нив ги населуваат диви патки и вилински коњчиња, но не само тоа - безброј животни ги побаруваат овие водени места за да ја стивнат својата жед.







Од варовнички камења од черупки на школки, ставени во пластови, настануваат живописни камени биотопи. Големите и помали шуплински простори меѓу камењата се посакувано место за спиење за ласици, желки или гуштери. Рептилите и многу безрбетни животни тука можат да презимуваат.

Во изминатите децении многу живи огради (меѓи-

тени од полјаните. За да им се врати на животните нивниот животен простор и за да се поврзат поединечните биотопи, веќе се посадени повеќе километри живи огради од дрвја, придружени од Бенјес-живи огради, значи природни насипи од суви исцепкани поголеми и помали гранки. Безброј птици веќе благодарно ги прифатија овие живи огради како место за живеење и за гнездење. Новонасадените живи огради имаат потреба од интензивна нега, на пример секојдневно наводнување на младите билкички при поголема суша.

Во новостекнатите парчиња шуми се ставаат кутии за гнездење, куќи-хранилишта за птици и поилишта. Преку нив се згрижува со вода и со храна едно цело птичје село.

### Драги пријатели на животните и природата!

Се радуваме за поддршката, којаќто овозможува Царството на мирот за човек, природа и животни на Земјава и натаму да се изградува. Веќе 1 евро помага!

Најсрдечно, пријателите на животните од Габриеле-фондацијата

Габриеле фондација

Заамлинско дело
на ближната љубов спрема природата и животните
Твоето царство доаѓа - Твојата волја се врши
Моли и работи

Земја на милоста
Татковина за полјански и шумски животни

## Помогнете и вие да се спаси живот; веќе 1 евро помага!



- За стекнување на полиња и шуми, татковина за диви животни
- За нови живи огради и дрвја во пољињата
- За водени и камени биотопи
- За гнездилишта и поилишта

**Ние придонесуваме и за тоа да заврши војната против природата и животните. Ние сме:**

- **Против експерименти со животни во лаборатории**
- **Против страдање и смрт во кланица**
- **Против мачни транспортирања на животни**
- **Против маките и гоењето животни ...**

❍ Давам ополномоштение за да ѝ се префрли на die *Gabriele-Stiftung*, das Saamlinische Werk der Naechstenliebe an Natur und Tieren, Max-Braun-Str. 2, 97828 Marktheidenfeld, Deutschland износ од

Евра: ................ Банка: ...............................................

Конто бр.: .......................... BLZ:................................

(отповикливо во секое време), и тоа

❍ еднократно ❍ месечно ❍ годишно

❍ Својот прилог за поддршка го **преведувам** на следново конто: G. S. Stiftung Verwaltungs-GmbH, Gabriele-Stiftung, Konto Nr. 206253, Volksbank Main-Trauber, BLZ 67390000

Име: ..............................................................................

Улица и број: ..................................................................

Место: ...........................................................................

Датум: ................. Потпис: ..................................................

**Како поддржувач автоматски го добивам весникот "Новата земја", што се доставува секогаш со неговото излегување**



Исечи и испрати на: *Gabriele-Stiftung*, Max-Braun-Str. 2, Marktheidenfeld, Deutschland
Tel. 0049 (0) 931/504-427, Fax - 430
www.gabriele-stiftung.de

*Ново од Земјата на милоста*

## »Најпосле во сигурност!«



*Една Камерун-овца ја искажува својата благодарност*

»Имавме среќа! Кога наутро се будиме во топлата слама и големата, пространа штала, одвај можеме да сфатиме дека сме тука - а не веќе надвор на снегот и не мораме да го чекаме касапот. Ние, кои сме Васпи, Шван, □ина, Рамсус, Киспи и уште неколку други Камерун-овци кои беа спасени, доведени ваму на земјата на милост на *Габриеле-фондацијата*. Колку бевме радосни кога бевме одведени од онаму каде што моравме да страдаме од глад и жед и каде што бевме загубиле секаков кураж за животна борба! Особено Роос, која тукушто имаше донесено две малечки на свет: Лион и Леон. И двете беа толку слаби и до најмалечката коска студени што не ќе ја преживееја ноќта. Но, еден од тие кои ги згрижуваат животните ги топлеше нив под својата јакна во текот на целиот пат и им го спаси животот. Лион и Леон веќе се две вешти момчиња, кои прават најголеми скокови и преземаат вртоглави тури на искачување на највисоките ридови слама…

А потоа чувме како одѕвонува уште нешто: Треба да добиеме сопствена штала и убава ливада. Токму во близина на семејството Маезе, кое исто така живее тука на Земјата на милоста. Маезе-ови се изворни говеда и се малку поголеми од нас - но, сигурно, ние ќе станеме добри соседи. А двоножците? И тие веќе добро се сожувеаја во нашиов круг и секој ден се учат на тоа. Радосни сме за тоа што тука пронајдовме пријатели - двоножни и четириножни. И би сакале да им се заблагодариме на сите кои ни го овозможија животот на мироључивата земја…«

## Љубовта спрема животните и спрема природата не познава државни граници

Со делото на надоместување спрема природата и животните *Габриеле-фондацијата* поставува знак за многумина. Земјата на милост за животните на пољаните и шумите, што настанува на еден земјишен предел во Германија, поттикнува луѓе ширум светот кон тоа на животните и на природата во пресрет да им го донесат почитувањето коешто им припаѓа.

Оваа цел си ја направи своја задача и **Интернационалниот совет на *Габриеле-фондацијата***. Тој ги регистрира интересите на *Габриеле-фондацијата* во странство и ќе ги застапува преку следниве **репрезентанти во земјите:**

- **Dr. Mathias Ingold** — ***Швајцарија***
- **Dr. Jörg Brugger** — ***Австрија***
- **Claudio Panozzo** — ***Италија***
- **Martin Mujica** — ***Шпанија***
- **Nicole Chasseloup** — ***Франција***
- **Claude Koob** — ***Луксембург***

*Габриеле фондација*

*Заамлинско дело на ближната љубов спрема природата и животните*
*Твоето царство доаѓа - Твојата волја се врши*
*Моли и работи*

*Земја на милоста*

*Татковина за пољански и шумски животни*





# »Веќе 1,- Евро помага!«



## Помогнете и Вие за да се спаси живот!

**Веќе 1,- Евро помага!**

**Животен простор за природата и животните**

Животните во нашето општество немаат глас, немаат права, немаат Lobby. Тие не можат да отворат конто во банка, не можат да склучуваат договори, а ниту да стекнат сопствено земјиште. Габриеле-фондацијата дејствува застапувајќи се самата за животните.